Изработил: Јовановски Наум

| Почеток на неделата 7: **датум:**<br>**број на час: 14** | | | **ПРВО ПОЛУГОДИЕ Тема 1А: 9.1 Сили и движење**<br>Единица**. Притисок кај течностите** | | | Одделение<br>**IX** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Време | Цели на учење | Критериуми за успех | Активности | | Ресурси | Доказ за постигнување |
| | | | Опис | Форми и техники | | |
| 15 мин | Објаснува како притисокот претставува дејство на сила врз одредена површина, вклучувајќи користење на формулата притисок = сила/површина. | Можам да објаснам како притисокот претставува дејство на сила врз одредена површина, вклучувајќи користење на формулата притисок = сила/површина. | Потсетете ги учениците за колбата и балонот кои се оставени во замрзнувачот претходниот час. Учениците нека предвидат што се случило. Во парови тие нека ги објаснат предвидувањата со користење на моделот на гас.<br><br>Извадете ја колбата со балонот од замрзнувачот. Веројатно балонот се собрал и се вовлекол навнатре во колбата поради притисокот на воздухот. Многумина мислат дека балонот е ‘вшмукан навнатре’. Оваа погрешна перцепција треба да се исправи. | Индивидуална | Колбата и балонот поставен во замрзнувачот од претходниот час | Работен лист Набљудување, прашања, одговор, дискусија |
| 15 мин | Го објаснува притисокот во гасови и течности (само квалитативно | Можам да го објаснам притисокот во гасови и течности | Искористете празно пластично шише (наполнето со воздух со капак врз него). Учениците нека погодуваат што би се случило и нека го објаснат исходот доколку шишето:<br>се олади<br>се затопли<br>се стави во вода<br>се стави длабоко под вода.<br>Покажете видео клип од пластично шише на длабочина од 22m (75 стапки). Искористете го ова за да се воведе идејата за | П<br><br>Техника<br><br>**Пазуза за разјаснување** | Празно пластично шише со непропустлив капак. Предложен видео линк (може да се прикаже и без звук):<br><br>https://youtu.be/cHf9eWRd_bc | Работен лист Набљудување, прашања, одговор, дискусија |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | притисок на водата. | | | |
| 10 мин | Ги проверува објаснувањата со нивно користење во правењето претпоставки, а потоа ги евалуира во однос на доказите.<br>Толкува резултати користејќи научно знаење и разбирање.<br>Објаснува резултати користејќи научно знаење и разбирање. Јасно ги споделува со другите | Знам да објаснам научно притисокот во гасови и течности | Покажете го притисокот на течностите.Употребете високо пластично шише кое има дупки на страните на различни висини. Кога ќе се наполни, водата се истиснува низ страните, што е пониска дупката, толку е поголем притисокот.<br>Учениците го објаснуваат притисокот на течностите, разгледуван преку моделот на честички.<br>Дополнителна активност. Учениците кои сакаат поголем предизвик може да се обидат да објаснат што се случува со хелиумски балон кога тој се ослободува во атмосферата. *Дали тој се руши или пука? Зошто?*<br>**Заклучете** дека притисокот во течностите е предизвикан од судирањето на честичките при нивното движење. Притисокот во течностите се зголемува со длабочината на течноста. | групна | Високо пластично шише со три дупки од страните на различни висини, вода.<br><br>Ова дополнително прашање бара од учениците да размислат за ефектите од притисокот на воздухот и температурата | Работен лист Набљудување, прашања, одговор, дискусија |

| Организација Детали за диференцијација/ групи/ улога на возрасен ( поврзано со активностите) | Забелешки / можности за проширување/ домашна работа | Клучна терминологија |
|---|---|---|
| **Вовед:** Организација на цела паралелка.Преку обидот со пластичното шише и презентациите од интернет учениците даваат закчучок од кои фактори зависи притисокот на течностите. Наставникот наблудува и дава поддршка во текот на работата на учениците. | **Проширување на знаењата на учениците кои завршиле**:наставникот им дава работен лист со дополнителни задачи. Работниот лист со дополнителни задачи останува за домашна работа за учениците кои побавно ги извршуваат зададените барања од страна на наставникот. | честички<br>притисок<br>опишува<br>објаснува |